Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-556/2
07.11.2022 година

По претставката со бр. 08 – 556/1 од 31.10.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted] Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) врз основа на член 40 став 6 од Закон за општата управна постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124/2015) на 07.11.2022 години, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА ПРЕТСТАВКАТА** со бр. 08 – 556/1 од 31.10.2022 година, поднесена од [redacted] **поради ненадлежност.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 31.10.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 556/1 од страна на [redacted] против [redacted] Скопје.

По разгледување на Вашата претставка и прилозите кон предметот, Ве информираме дека постапувањето по адресираниот проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) дискриминацијата се дефинира како *секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

Од наводите содржани во претставката не се препознава причинско – последична врска помеѓу повредата на правото и дискриминаторска основа, која создала нееднаков третман кон подносителот на претставката. Оттука произлегува дека конкретниот случај не е предмет на дискриминација, а Комисијата не е надлежна за оценка на должничко – доверителски односи, кредитирање и присилна наплата на побарувања, кога тие не се во корелација со дискриминаторска основа и нееднаков третман.

Согласно член 40 став 6 од Законот за општата управна постапка јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, а не може да утврди кој јавен орган е надлежен, ќе донесе управен акт со кој ќе го отфрли поднесокот поради ненадлежност.

Поради се' горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова решение и ја отфрли претставката со бр. 08 – 556/1 од 31.10.2022 година

поднесена од [redacted] заради ненадлежност за постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на Решението.

Скопје
07.11.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]